# CHARACTERISTICS OF AN INSURANCE CONTRACT

**Aleksandra Patoska**
"St. Kliment Ohridski" University Bitola, Faculty Law - Kichevo, Republic of North Macedonia,
aleksandra.patoska@uklo.edu.mk

**Abstract:** The insurance institute is a multidisciplinary phenomenon that has economic, legal, mathematical, statistical, but also a broader general meaning. Basically, etymologically, the word insurance means security, trust, protection, provision from unwanted, unfavorable events that the future brings.

Insurance contracts are an important instrument for hedging against risks in modern economic and legal systems. The transfer of risk from the insured to the insurer provides economic security and the reduction of the financial consequences of various adverse events.

An insurance contract is an obligation contract, regulated by law, by which one party – the insured, undertakes to pay a premium (insured amount), and the other party – the insurer, undertakes to compensate for damage or to pay a certain amount if an insured event occurs.

The significance of the insurance contract is that, based on the principles of voluntariness, mutuality and solidarity, it provides security to the insured in a material and social sense. With this agreement, the insured overcomes his inability to financially compensate for the damage suffered by receiving appropriate compensation from the insurer. This is particularly important for business entities, where, if an insured event occurs, the payment of the insured amount gives them the opportunity to resume the business and cover the loss

Obligatory contracts have three common characteristics. The first is that they create obligations. The second is that they are based on the principles of dispositivity and autonomy of the will of the contracting parties. The third is that they are created by accepting the offer. Obligatory contracts are bilateral legal acts that create obligational relationships. The separate obligation contracts has got characteristics that distinguish it from other contracts and that define its specificity. From the division of contracts into different types made in the theory of contract law, and based of different characteristics, on the one hand, and the definition of the insurance contract in the Law of Obligations on the other hand, we can derive the characteristics of the insurance contract.

The purpose of this paper is to analyze the basic characteristics of an insurance contract and its legal regulation, thereby obtaining a clearer picture of the significance of this contract in everyday life, its place in the legal system, as well as the importance of proper and equitably regulatingf the rights and obligations of the parties in this contractual relationship.

**Keywords:** insurance, contract, characteristics of the insurance contract

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Александра Патоска**
Универзитет „Св.Климент Охридски", Правен факултет–Кичево, Република Северна Македонија,
aleksandra.patoska@uklo.edu.mk

**Резиме:** Институтот осигурување е мултидисциплинарна појава која има економско, правно, математичко, статистичко, но и пошироко општо значење. Во основа, етимолошки, зборот осигурување означува сигурност, доверба, заштита, обезбедување од несаканите, неповолните настани што ги носи иднината.

Договорот за осигурување е значаен инструмент за заштита од ризици во современите економски и правни системи. Трансферот на ризикот од осигуреникот на осигурителот, обезбедува економска сигурност и намалување на финансиските последици од различни несакани настани.

Договорот за осигурување е облигационен договор, уреден со закон, со кој едната страна – осигуреникот, се обврзува да плаќа премија (осигурителна сума), а другата страна – осигурителот, се обврзува да му надомести штета или да исплати определена сума доколку настане осигурен случај.

Значењето на договорот за осигурување е во тоа што, врз принципите на доброволност, заемност и солидарност, тој им дава сигурност на осигурениците во материјална и социјална смисла. Со овој договор осигуреникот ја надминува својата немоќ финансиски да ја надомести претрпената штета преку примањето на соодветен надомест од осигурувачот. Ова е посебно значајно за субјектите во бизнис секторот, каде, доколку се случи осигурениот случај, преку исплата на осигурената сума им се дава можност да го обноват бизнисот и да ја покријат загубата.

Облигационите договори имаат три заеднички каратеристики. Првата е дека со нив се создаваат обрски. Втората е дека се засниваат на начелата на диспозитивност и автономија на волјата на договорните страни. Третата е дека настануваат со прифаќање на понудата. Облигационите договори се двострани правни дела со кои се создаваaат облигационите односи. Секој од посебните облигациони договори има карактеристики со кои се одделува од останатите договори и кои ја дефинираат неговата специфичност. Од поделбата на договорите на различни видови направена во теоријата облигационото право, а врз основа на различни каритериуми, од една страна, и дефинирањето на договорот за осигурување во Законот за облигационите односи од друга страна, можеме да ги извлечеме карактеристиките на договорот за осигурување.
Целта на овој труд е да се анализираат основните карактеристики на договорот за осигурување и неговата правна уреденост, преку што ќе се добие појасна слика за значењето на овој договор во секојдневниот живот, неговото место во правниот систем, како и важноста од правилно и правично уредување на правата и обврските на страните во овој договорен однос.
**Клучни зборови**: осигурување, договор, карактеристики на договорот за осигурување

## 1.ВОВЕД

Осигурувањето како институт настанало од потребата за заштита на имотот, животот и здравјето на луѓето од елементарни непогоди, но и од туѓи и свои дејствија. Институтот осигурување е мултидисциплинарна појава која има економско, правно, математичко, статистичко, но и пошироко општо значење. Во основа, етимолошки, зборот осигурување означува сигурност, доверба, заштита, обезбедување од несаканите, неповолните настани што ги носи иднината. Многубројни и разновидни опасности го загрозуваат имотот, животот и здравјето на луѓето, а, со развојот на технологијата, климатските промени, загадувањето и сл. тие постојано се зголемуваат. Преку овој правен институт се надоместува штетата што настанала од овие природни непогоди и човекови дејствија.

Осигурувањето, всушност претставува здружување на сите оние кои се изложени на иста опасност со цел заеднички да ја поднесуваат штетата која ќе им се случи само на некои од нив.(Фотов,Р.,& Фотова, К., 2014, стр.11) Преку овој правен иститут луѓето кои претрпеле штета од настапување на осигурениот случај добиваат соодветен надомест, а во стопанството преку осигурувањето се дава можност да се воспостави состојба каква што била пред да настапи осигурениот случај како штетно дејствие.

Осигурувањето се темели на принципите на доброволност, заемност и солидарност и преку него луѓето чиј имот, здравје или живот се загрозени од различни ризици, економски се заштитени.

## 2. ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Договорот за осигурување е значаен инструмент за заштита од ризици во современите економски и правни системи. Основната функција на договорот за осигурување е пренос на ризикот од поединецот на осигурителната компанија. На тој начин, се создава можност за финансиска компензација на последиците од настанување на несакани настани, кои можат да имаат сериозни економски последици по осигуреникот. (Илиевски, Г., 2017, стр.39). Регулиран е со Законот за облигационите односи (во натамошниот текст ЗОО), а помал број одредби содржат и Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Во ЗОО глава XXX посветена е на договорот за осигурување каде, во чл.953 е дефиниран како договор со кој договарачот на осигурувањето се обврзува, врз начелата на заемност и солидарност, да здружува определен износ во друштвото за осигурување, односно во друштвото на ризици (осигурувач), а друштвото се обврзува ако дојде до настан кој претставува осигурен случај да му го исплати на осигуреникот или на некое трето лице надоместот, односно договорената сума или да направи нешто друго.

Составен дел на договорот се и општите и посебните услови на осигурување. Условите за осигурување (општи и посебни) се збир на договорни клаузули со кои детално се уредуваат односите меѓу договорните страни. Договрните страни во договорот можат да се повикаат на општите услови во целост или на определен дел од нив. За да бидат обврзувачки, условите на осигурување треба да се јавно објавени, односно да се објавени на начин што, при склучувањето на договорот, на осигуреникот да му биле познати, или да морале да му бидат познати.(види чл.130 од ЗОО).

Условите за осигурување се различни кај различните видови осигурување. Нив ги донесува осигувачот, а бидејќи осигуреникот го обврзуваат само ако му биле познати при склучувањето на договорот, јасно е зошто со императивна норма содржана во чл.958 ст.3 и 4 во ЗОО, осигурувачот се задолжува да го предупреди осигуреникот дека општите и посебните услови на осигурување се составен дел на договорот; доколку условите не се печатени на самата полиса да му го предаде нивниот текст, и, на крајот, ЗОО го задолжува осигурувачот извршувањето на овие обврски да го констатира во полисата.

Договорот за осигурување е мошне значаен договор во правниот живот не само за физичките лица, ами, можеби уште повеќе за правните лица, за стопанските субјекти. Значењето на договорот за осигурување е во тоа што, врз принципите на доброволност, заемност и солидарност, тој им дава сигурност на осигурениците во материјална и социјална смисла. Со овој договор осигуреникот ја надминува својата немоќ финансиски да ја надомести претрпената штета преку примањето на соодветен надомест од осигурувачот. Ова е посебно значајно за субјектите во бизнис секторот, каде, доколку се случи осигурениот случај, преку исплата на осигурената сума им се дава можност да го обноват бизнисот и да ја покријат загубата.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Облигационите договори имаат три битни (заеднички) каратеристики. Првата е дека со нив се создаваат обрски. Втората е дека се засниваат на начелата на диспозитивност и автономија на волјата на договорните страни. Третата е дека настануваат со прифаќање на понудата. Облигационите договори се двострани правни дела со кои се зановаат облигационите односи.(Matijevic, B., 2022, стр.107)

Од поделбата на договорите на различни видови направена во теоријата облигационото право врз основа на различни каритериуми, од една страна, и дефинирањето на договорот за осигурување во ЗОО од друга страна, можеме да ги извлечеме карактеристиките на договорот за осигурување

ДВОСТРАНО-ОБВРЗУВАЧКИ ДОГОВОР – И покрај разликите во содржината, обврзувачките договори, имаат заедничка карактеристика, а тоа е дека договорните страни се обврзуваат, едната кон другата, нешто да чинат т.е. да дадат, сторат, пропуштат или трпат. Значи, намерата на договорните страни насочена е кон создавање на таква обврска. (Pavlović, M., 2022, стр.447) Кај двострано обврзувачките договори и двете догворни страни една кон друга имаат најмалку едно побарување и една обврска. (Pavlović, M., 2022, стр.449) Кај договорот за осигурување и двете страни имаат и права и обврски, односно секоја од договорните страни се јавува и во улога на должник и во улога на доверител. Така, страната на осигурувачот е во улога на должник тогаш кога треба да ја исплати осигурената сума, а во улога на доверител тогаш кога побарува да ја наплати премијата на осигурување. И обратно, страната на осигуреникот е должник тогаш кога треба да ја плати премијата на осигурување, а во улога на доверител тоагаш кога побарува да му се исплати осигурената сума. По правило, кај двострано обврзувачките договори правата и обврските на страните се корелативни – правото за едната страна е обврска за другата и обратно.

ТОВАРЕН (ОНЕРОЗЕН, НАПЛАТЕН) ДОГОВОР - двострано обврзувачките договори можат да бидат ненаплатни (непотполни) и наплатни (потполни). (Pavlović, M., 2022, стр.449) Товарни се оние договори, кај кои за правото што од нив произлегува доверителот треба да даде соодветно надоместување. (Поп Георгиев, Д., 1985, стр.129). Договорот за осигурување е товарен (наплатен) договор затоа што за секое право што страните го имаат (кога се во улога на доверител), треба да дадат соодветен надомест. Така, осигуреникот има право да му се плати осигурената сума доколку настапи осигурениот случај, но, за сметка на тоа должен е да ја плати премијата на осигурување. Осигурувачот има право на наплата на премијата на осигурување, но за сметка на тоа има обврска да ја му ја исплати на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето осигурената сума ако настапи осигурениот случај.

АЛЕАТОРЕН (КОЦКАРСКИ) ДОГОВОР (ДОГОВОР НА СРЕЌА) - Алеаторни се оние договори, чија содржина не е однапред точно позната, туку зависи од некоја идна неизвесна околност (Поп Георгиев, Д., 1985, стр.129). Договорот за осигурување е алеаторен договор затоа што неговата содржина, барем во еден негов дел не е однапред позната, ами зависи од некоја идна неизвесна околност. Неизвесноста, идноста и непредвидливоста се негова основна содржина. Осигурениот случај може да настапи веднаш по склучувањето на договорот, може да настапи во иднина или никогаш да не настапи. Алеаторноста на договорот е во тоа што во моментот на склучувањето на договорот не се знаат (во целост) обврските на договорните страни.(Крстаноски, М., 2007, стр.85). Алеаторноста на договорот за осигурување е во делот на правата на осигуреникот, односно обврската на осигурувачот да ја исплати осигурената сума. Дали ќе дојде до таа исплата или не, зависи од тоа дали ќе настапи осигурениот случај. Во моментот на склучување на договорот тоа е неизвесно. Иако во правната теорија постојат различни мислења по однос на алеаторната природа на договорот за осигурување, сепак преовладува мислењето дека тој е алеаторен и не само тоа, ами дека неговата суштина, смисла на постоење е во алеаторноста.

Токму поради алеаторноста, општото правило на облигационото право за прекумерно оштетување (lezio enormis) како услов за поништување на договорот поради очигледен несразмер меѓу обврските на договорните страни, кај договорот за осигурување не важи. (Крстаноски, М., 2007, стр.85)

КАУЗАЛЕН ДОГОВОР - Постојат два концепти за каузата на договорната обврска, и тоа: објективен и субјективен. Објективниот концепт се служи со одредени објективни елементи (престации, обврска, извршување на обврската) при одредување на каузата на договорната обврkса, додека субјективниот

концепт го користи субјективниот елемент (мотивот) кој договорната страна ја поттикнал на склучување на договорот. (Манић, С., 2022, стр.98) Побудата, мотивот, посакуваниот материјален или нематеријален интерес е клучна причина заради која се склучува било кој договорен однос. Каузата како причина заради која сакаме да преземеме обврска, не е ништо друго ами мотив кој нѐ поттикнува да склучиме одреден договор. (Манић, С., 2022, стр.102-103) Договорот за осигурување е каузален договор затоа што целта (каузата, мотивот) заради која се склучува е јасно видлива - тоа е правниот и финансискиот ефект што страните го очекуваат од склучувањето на договорот – осигурувачот да ја наплати премијата на осигурување, осигуреникот – да се ублажат или во целост отстранат последиците од осигурениот случај, доколку настапи.

ИМЕНУВАН ДОГОВОР - Именувани се оние договори кои се регулирани со закон кој истовремено им определил и посебно име (назив). Овие договори од древнина до денес се најчесто применуваните во вршењето на правниот промет. Именуваните договори настануваат со постигнување на согласност за битните елементи на договорот. На односите кои не се уредени со договорот се применуваат дополнително - диспозитивните одредби од законот кои ги регулираат одделните видови договори (Галев, Г., & Дабовиќ-Анастасовска, Ј., 2021, стр.321). Договорот за осигурување е именуван договор затоа што е регулиран со закон (ЗОО) каде е дадено неговото име. Во ЗОО пропишани се општите правни правила за склучување на договорот, содржината на договорот и елементите на договорот, но, бидејќи се овие правни правила од диспозитивен карактер, страните можат меѓусебниот договорен однос да го уредат поинаку.

АТХЕЗИОНЕН ДОГОВОР – ДОГОВОР НА ПРИСТАПУВАЊЕ - Атхезионите договори се разликуваат од класичните договори затоа што кај атхезионите договори нема преговори за содржината на договорот. Атхезиониот договор се состои од одредби кои во него ги внесла онаа договорна страна која го составила и ќе биде склучен со секое лице кое ќе се согласи со него, а ги исполнува претпоставките кои ги одредил составувачот на договорот. Станува збор за општи услови за работење на страната која го составила атхезиониот договор, па овој начин на склучување на договорите ги исклучува индивидуалните преговори кои често се клучен дел при склучување на класичните обилигациони договори. (Klasiček, D., 2022, стр.111-112). Постојат атхезиони договори кај кои потрошувачот дури нема ни можост да го одбие склучувањето на договорот зашто тоа е обврска за одредени категории на лица, затоа што така наложува законот. (Klasiček, D., 2022, стр.115). Во нашето позитивно законодавство, такво е на пример задолжителното осигурување во сообраќајот пропишано со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (на кои субјекти се однесува задолжителното осигурување види чл.1 од Законот за задолжително осигурување на сообраќајот). Договорот за осигурување е атхезионен договор затоа што содржината на договорот, условите под кои се склучува ги составува едната страна (осигурувачот), вклучувајќи ги тука и битните елементи на договорот, а другата страна (осигуреникот) нема можност да влијае на содржината. Готовиот договор што му се нуди на осигуреникот, тој има можност да го прифати или не.

Во правната теорија постојат различни мислења по однос на атхезионите договори. Така, според едни, ваквиот начин на склучување на договорот е спротивен, односно го исклучува начелото на слобода во договарањето. Според други, тоа не е случај, затоа што страната која не учествувала во подготовката на договорот, сепак има собода на избор – да го склучи договорот или не. (види Галев, Г., & Дабовиќ-Анастасовска, Ј., 2021, стр.324)

ТРАЕН ДОГОВОР - Карактеристично за трајните облигациони односи е дека должникот е обврзан континуирано да ја извршува трајната обврска или да повторува еднократни обврски сè додека трајната обврска не престане. Трајните обврски во основа не престануваат со исполнување, ами со престанок на трајниот облигационен однос. (Matijevic, B., 2022, стр.108). Договорот за осигурување е траен договор. Тоа значи дека исполнувањето на обврската на должникот е одвива низ едно подолго време, И обврската на осигурувачот за исплата на осигурената сума и обврската на осигуреникот за плаќање на премија на осигурување се трајни обврски затоа што временски се поклопуваат со временското важење на договорот за осигурување - периодот на покритие. (Matijevic, B., 2022, стр.111).

Содржината на договорот за осигурување, најчесто, се остварува во еден подолг временски период – од една година па нагоре. Ако премијата на осигурување се плаќа на рати (кај повеќегодишните договори тоа секогаш се случај затоа што осигуреникот има обврска да плаќа годишна премија), договорот уште е и сукцесивен. Договорните страни обврските се должни да ги исполнуваат за време на вкупното траење на договорот - периодот на покритие.

ФОРМАЛЕН / НЕФОРМАЛЕН ДОГОВОР – Формални се оние договори што можат да бидат склучени само во точно определена форма. Нината форма може да биде определена со закон или со договор на нивните страни. Неформални се оние договори, кои можат да бидат склучени во било која форма. Притоа, догоорите се, по правило, неформални (Поп Георгиев, Д., 1985, стр.128)

По однос на прашањето дали договорот за осигурување е формален или не, во правната теорија се води полемика.
Прво, главата XXX во ЗОО во отсекот 2 определува дека договорот се смета за склучен кога договарачите ќе ја потпишат полисата на осигурување или листата на покритието (чл.957 ст.1 од ЗОО). Притоа законот облигаторно предвидува што сѐ мора да содржи полисата на осигурување. Од тоа слобоно можеме да заклучиме дека договорот за осигурување иако во законот не е предвидена неговата форма, дека тој сепак е од формален карактер. (Крстаноски, М., 2007, стр.84) Во истиот тој член (957), во ставовите 2 и 3 пак, ЗОО пропишува дека ако осигуреникот упати писмена понуда до осугурувачот за склучување на договор, па осигурувачот во роковите определени во тој член не ја одбие понудата, ќе се смета дека договорот за осигурување е склучен. Значи, со конклудентно дејствие – молчење на понудениот – договорот е склучен, што упатува на заклучокот дека тој е неформален.
Во чл.959 од ЗОО исто така пропишано е дека договорниот однос може да настане со „самото плаќање на премијата". Значи повторно, со конклудентно дејствие договорот е склучен – што упатува на заклучокот дека договорот за осигурување е неформален.
Всушност, овој спор постои во правната теорија. Во правната практика договорот за осигурување секогаш се склучува во писмена форма, ако не договор како форма, тогаш преку потпишување на полисата на осигурување како доказ дека договорот е склучен.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Луѓето постојано се изложени на опасности кои го загрозуваат нивниот живот, здравје или имот, а од кои се обидуваат да се заштитат. Поединецот сам, со сопствени сили и средства нема секогаш можност да се заштити од неповолните последици, па затоа се појавила идејата за организирана заштита, преку заедници во кои поединците што се загрозени, односно што сакаат да се заштитат од ист вид на опасност, со свој придонес да обезбедат соодветен надоместок за покривање на претрпената штета. Значи, осигурувањето настанало од потребата за економска заштита која се појавува секаде каде што е присутна некоја опасност. Осигурувањето значи обезбедување од нешто што може да се случи.
Осигурувањето е предмет на изучување на различни научни дисциплини и во делот на природните науки (математиката, статистиката), и во доменост на општествените науки (социологијата, економијата и правото). Од аспект на правото, осигурувањето е договорен однос од облигационо-правна природа, регулиран, пред сѐ, со ЗОО.
Облигационите договори имаат определени заеднички каратеристики, но, секој од посебните облигациони договори има карактеристики со кои се одделува од останатите договори и кои ја дефинираат неговата специфичност.
Така, договорот за осигурување е двострано обврзувачки договор, затоа што и двете страни имаат и права и обврски, односно секоја од договорните страни се јавува и во улога на должник и во улога на доверител. По правило, кај двострано обврзувачките договори правата и обврските на страните се корелативни – она што е право за едната страна е обврска за другата и обратно. Тој е товарен договор затоа што за секое право што страните го имаат (кога се во улога на доверител), треба да дадат соодветен надомест. Значајна карактеристика на договорот за осигурување, по која се одделува од другите видови облигациони договори е неговата алеаторност. Договорот за осигурување е алеаторен договор затоа што неговата содржина, барем во еден негов дел не е однапред позната, ами зависи од некоја идна неизвесна околност. Алеаторноста на договорот за осигурување е во делот на правата на осигуреникот, односно обврската на осигурувачот да ја исплати осигурената сума. Дали ќе дојде до таа исплата или не, зависи од тоа дали ќе настапи или нема да настапи осигурениот случај. Договорот за осигурување е каузален договор затоа што целта заради која се склучува е јасно видлива - тоа е правниот и финансискиот ефект што страните го очекуваат од склучувањето на договорот. Тој е именуван договор затоа што е регулиран со закон каде е дадено неговото име и каде се пропишани општите правни правила за склучување на договорот, содржината на договорот и елементите на договорот. Овој договор е во групата на атхезиони договори затоа што содржината на договорот, условите под кое се склучува ги составува едната страна (осигурувачот), вклучувајќи ги тука и битните елементи на договорот, а другата страна (осигуреникот) нема можност да влијае на содржината. Готовиот договор што му се нуди на осигуреникот, тој има можност да го прифати или не. Договорот за осигурување е траен договор што значи дека исполнувањето на обврските и на двете договорни страни во улога на должник се одвива низ едно подолго време, кое временски се поклопува со временското важење на самиот договор - периодот на покритие. На крајот, по однос на прашањето дали договорот за осигурување е формален или неформален договор, не може да се даде единствен одговор, затоа што, од една страна во ЗОО пропишано е дека договорот се смета за склучен кога договарачите ќе ја потпишат полисата на осигурување или листата

на покритието (чл.957 ст.1), што значи договорот е формален, а од друга страна, во истиот закон е пропишано дека ако осигуреникот упати писмена понуда до осигурувачот за склучување на договор, па осигурувачот во роковите определени во тој член не ја одбие понудата, се смета дека договорот за осигурување е склучен. Значи, со конклудентно дејствие – молчење на понудениот или „со самото плаќање на премијата" (чл.957 ст.2 и 4 и чл.959) договорот за осигурување е склучен, што значи дека истиот е неформален договор.

**ЛИТЕРАТУРА**

Галев, Г., & Дабовиќ-Анастасовска, Ј. (2021).Облигационо право (додипломски студи), УКИМ Скопје

Илиевски, Г. (2017*). Право на осигурување*, Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје

Крстаноски, М. (2007). Осигурително право, Факултет за туризам и организациони науки, Охрид

Манић, С. (2022). „Кауза уговорне обавезе као претпоставка пуноважног настанка обострано-обавезујућих уговора", Zbornik radova Pravnog fakulteta u Nišu бр.94 str.93-110

Поп Георгиев, Д. (1985). Облигационо право, Култура, Скопје

Фотов, Р., & Фотова, К. (2014). Осигурување, Економски факултет, УГД Штип

Службен весник на Република Македонија, (2001), Закон за облигационите односи, редакциски пречистен текст, преземено од chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://aso.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-obligacii.pdf

Службен весник на Република Македонија, (2005), Закон за задолжително осигурување во сообраќајот, пречистен текст, преземено од chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://aso.mk/wp-content/uploads/2019/04/zakon-za-zadolz-osig-vo-soobrakajot-neoficijalen-precisten-tekst.pdf

Klasiček, D. (2022). "Sloboda volje ugovornih strana u kontekstu adhezijskih ugovora, s naglaskom na ugovore sklopljene putem informatičke mreže", Filozofska istraživanja, Vol.42 No.1

Matijević B. (2022). Ugovor o osiguranju kao trajni obvezni odnos, Hrvatski casopis Osiguranje, No.6, str. 107-123

Pavlović. M. (2022). "Opći i posebni pravni učinci ugovora", Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god.59, 2/2022, str. 445-481